АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 28.10.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4008 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 октомври 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема, вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје во 2019 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2019 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал седум лица, од кои ниту едно не било ангажирано како новинар со висока стручна спрема. Поради тоа, на 06.10.2020 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3706/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 28.10.2020 година, ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје достави до Агенцијата „Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување - Образец М1/М2" за девет лица, издадени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и еден договор склучен помеѓу радиодифузерот и едно физичко лице. Од доставената документација е видно дека во телевизијата се вработени вкупно десет лица, од кои пет со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

*Сектор за стратешко планирање и авторски права*